Бр./Nr 12-1196/7
17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1196/1 од 20.03.2024 година, оформен по доставени пријави поднесени врз основа на член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, против _____ ____ _____ __ _____ _ _____ за „_____ _____“ од Скопје, а поради повреда на член 34 став 1 алинеја3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот Законик, затоа што по распишување на Претседателските избори 2024 година, со Решение за распишување на Претседателските избори 2024 година број 09-1168/1 од 14.02.2024 година, продолжена е постапката за вработување на __ ________ во почетна обука за _____ _ ______ со _____ ____ _____ __ _____ _ _____„____ ______“ од Скопје, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што ДКСК веќе има постапено по истите предметни наводи и има донесено одлука од своја надлежност со број 12-1330/56 од 20.04.2024 година, која е објавена на веб страницатана ДКСК во законски предвидениот рок.

Предметот со број 12-1196/1 од 20.03.2024 година да се затвори и архивира.
Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 20.03.2024 година, поднесена е пријава против против _____ ____ _____ __ _____ _ _____„____ _____“ од Скопје за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2024 година и оформен

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

е предмет број 12-1196/1 од 20.03.2024 година. Дополнително до ДКСК доставени се уште две пријави од непознат подносител заведени со архивски број 121196/2 од 21.03.2024 и 12-1196/3 од 22.03.2024 година, со исти наводи против наведената предметна установа.

Во пријавите и документацијата како прилог на истите, изнесени се наводи кои се однесуваат на тоа дека ________ __ ________ _ ______ ______, не ги почитува забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и лен 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот Законик, поради тоа што во текот на изборната кампања продолжена е постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со _______ __ _______ _ ______ ______, по оглас за прием на ___ ______ во почетна обука за 2023 и 2024 година. Наведено е дека станува збор за постапка во која слушателот заснова работен однос на определено време со _________ за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за таботни односи, здравствено осигурување и Законот за ________ __ ________ _ ______ ______ (член 5о став 1). Наведено е дека почетната обука се одвива во две фази и тоа прва фаза- теоретска настава во траење од девет месеци и втора фаза –практична настава по институции во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци. Исто така се упатува дека ________ на нејзината веб страна има објавено распоред за полагање на квалификациски тест во период од 01-04-2024 година, додека пак од 18-21.04.2024 година ќе биде спроведено полагањето на приемниот дел од практичниот испит, при што подносителот јасно укажува дека постапката за засновање на работен однос е започната и истата не е ставена во мирување, а со кое што дејствие _________ ги прекршила член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интерси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации и побара од Јавната установа _______ __ ______ _ _____ ______„_____ _____“ од Скопје да достават податоци и информации со прилог документација по однос на пријавените наводи.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Во случајот наводите за сомневање изнесени во поднесената Пријава се основани, поради тоа што со дејствијата превземени во _______ __ _______ _ _____ ______ по однос на пријавената постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата, не се испочитувани забраните утврдени во член 34 став 1 али.неја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик односно, започнатата постапка не е ставена во мирување, имајќи предвид дека со стекнување статус на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со _______ __ _______ _ _____ ______.
При увидот во интерната документација, ДКСК воочи дека има постапено по предмет оформен по пријава со исти предметни наводи и има донесено одлука од своја надлежност.
Во врска одлуката на ДКСК, Тужителот Јавна установа _______ __ _______ _ _____ ______„ _____ _____“ Скопје, вложил жалба на Пресудата со Виш _____ ___ на РСМ, а од страна на Вишиот ______ ___ одлучувајќи по жалбата, донесена е Пресуда _____ бр. 113/2024 од 26.04.2024 година, која е доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 29.04.2024 година, со која жалбата на тужителот се одбива како неоснована, а пресудата на Управниот суд ____ бр.81/2024 од 22.04.2024 година, се потврдува.
Врз основа на сето погоре наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување согласно законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил:Т.Д., Претседател